Рев2.бр.659/2012

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: Беса Адеми - претседател на советот, Зирап Лимани, Васил Грчев, д-р Марика Матеска и Лидија Тасева - членови на советот, во правната работа на тужителот Сенат Шерифи од Куманово, против тужениот РМ-Министерство за правда Скопје, за надомест на штета, вредност на спорот 3.000.000,00 денари, одлучувајќи по ревизијата на тужениот изјавена преку Државното правобранителство на Република Македонија, против пресудата на Апелациониот суд Скопје ГЖ.бр.2885/12 од 12.09.2012 година, на седницата одржана на ден 28.11.2013 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата на тужениот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Скопје II Скопје со пресуда 16П1.бр.1405/11 од 27.02.2012 година, делумно го усвоил тужбеното барање на тужителот и го задолжил тужениот да му исплати на тужителот на име нематеријална штета поради неоправдано притворување 585 дена износ од 885.000,00 денари со казнена камата во висина на референтната стапка на НБ на РМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за осум процентни поени сметано од пресудувањето 17.02.2012 година до конечната исплата, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата. Судот го задолжил тужениот да му ги надомести трошоците на тужителот во вкупен износ од 81.380,00 денари, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата. Барањето на тужителот да биде ослободен од плаќањето на судска такса го одбил како неосновано.

Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ.бр.2885/12 од 12.09.2012 година, жалбата на тужениот ја одбил како неоснована, а пресудата на Основниот суд Скопје II Скопје 16П1.бр.1405/11 од 27.02.2012 година, ја потврдил.

Против истата пресуда ревизија изјавил тужениот поради суштествени повреди на одредбите од парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог ревизијата да се усвои, а пресудите на пониските судови да се укинат и предметот да се врати на повторно одлучување пред првостепениот суд односно да се преиначат на начин што ќе се одбие тужбеното барање на тужителот.

Врховниот суд на Република Македонија, по проучувањето на списите кон предметот и наводите во ревизијата испитувајќи ја побиваната пресуда, во смисла на одредбата од член 377 став 3 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Врховниот суд на Република Македонија, наоѓа дека неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда на одредбите од член 343 став 2 точка 13 од Законот за парничната постапка, од причина што побиваната пресуда е јасна, разбирлива, истата содржи доволно образложени причини за решителните факти и во целост може да се испита.

Неоснован е наводот во ревизијата на тужителот за погрешна примена на материјалното право, ако притоа се има предвид утврдената фактичка состојба.

Имено, од доказите изведени во текот на постапката утврдено е дека на тужителот со решение КИ.бр.1945/07 од 06.10.2007 година му била определена мерка притвор сметано од 06.10.2007 година се до 18.03.2009 година кога на одржан јавен претрес, Јавниот обвинител го повлекол обвинението против тужителот и со решение К.бр.1136/08 од 18.03.2009 година укинат бил притворот. Со притворањето тужителот преживеал непријатен настан кој кај него предизвикал душевна болка, страв, нарушување на угледот и честа. Душевната болка се јавила веднаш по притворањето кога тужителот бил во состојба на акутна реакција на стрес со елементи на хипервозбуда, страв и срам, времетраењето на вака силниот изразен симптом биле првите два - три дена. Душевното трпење продолжило и потоа во текот на наредните месеци додека траел притворот со тоа што интензитетот и видот на психичките потешкотии бил различен воглавно средноинтезивен со повторно интензивирање за време на судењето. Психолошката тензија, депресивното расположение, неизвесноста околу исходот на ситуацијата допринесувале манифестирање на извесни отстапувања на низа телесни психички функции во вид на безапетитие, несоница, повлекување во себе. Исто така чувствувал притисок во градите, срцебиење и болка во желудникот. Како одминувало времето истото допринесувало за извесна адаптација на ситуацијата но истата била недоволна за рационално намалување на напнатоста што ја чувствувал од причини што се наоѓал во ваква ситуација. Душевната болка кај

тужителот била од силен интензитет и траела за целиот период додека бил притворен но и по пуштањето на тужителот до ден денес притворањето оставило трајни последици кај тужителот, бидејќи тој не можел сеуште да се социјализира и да се вклучи во општествениот живот. Тужителот на 07.10.2009 година се обратил до Министерството за правда за надомест на нематеријална штета и ова барање министерството заведено под бр.08-4384/1 од 09.10.2009 година прецизиран поднесок за висина на штета заведен под бр. 08-4384/2 од 30.10.2009 година, меѓутоа министерството не пристапило кон постигнување на спогодба туку предвидел барателот да си ги оствари своите права со тужба за надомест на штета.

Врховниот суд на Република Македонија, смета дека пониските судови од спроведеното вештачење правилно утврдиле дека времетраењето и интензитетот на душевната болка што тужителот ги претрпел додека бил притворен во КПУ Затвор Скопје била од силен интензитет која траела за целиот период додека бил притворен тужителот и истата трае и по пуштањето на тужителот од притворот и до сега. Притворањето оставило трајни последици кај тужителот во форма на неможност да се социјализира и да се вклучи во општествениот живот. Со оглед на наведеното правилно судовите го определиле надоместокот за нематеријалната штетапритоа водејќи сметка за значењето на повреденото добро и за целта за која служи тој надомест.

Врховниот суд на Република Македонија ги ценеше и останатите наводи во ревизијата но, најде дека се без влијание за поинакво одлучување со оглед дека биле истакнувани во текот на постапката на што пониските судови дале доволно образложени и аргументирани причини со кои во целост се согласува и овој суд.

Поради наведеното, следуваше Врховниот суд на Република Македонија ревизијата да ја одбие како неоснована, согласно член 384 став 1 од Законот за парничната постапка.

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 28.11.2013 година под Рев2.бр.659/2012.

Претседател на советот - судија
Беса Адеми с.р.

За точноста на отправокот т в р д и - секретар

ЕИ/